**БАРАЊЕ 23-3087**

СОС линија (чл. 90 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)

1. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
2. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
3. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на услугата С.О.С. линија за жени жртви на насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
4. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за услугата СОС линија во 2026 и 2027 година?

Услуга за советување (чл. 91 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)

5. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
6. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
7. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на услугата советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
8. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за услугата советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство во 2026 и 2027 година?

Услуга за привремен престој (чл. 92 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)

9. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата за привремен престој во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)
10. Колку средства биле доделени на давателите на социјални услуги за обезбедување на услугата за привремен престој во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)
11. Кои даватели на социјални услуги сте ги финансирале за обезбедување на услугата за привремен престој во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)
12. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за услугата за привремен престој во 2026 и 2027 година?

Бесплатна правна помош (чл. 97 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство)

13. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за здруженија на граѓани и/или правни клиники за обезбедување на услугата бесплатна правна помош за жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025

година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)

14. Колку средства биле доделени на здруженија на граѓани и/или правни клиники за обезбедување на услугата бесплатна правна помош за жените жртви на родово-базирано насилство и жртвите на семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)

15. Кои здруженија на граѓани и правни клиники сте ги финансирале за обезбедување на услугата за бесплатна правна помош во 2022, 2023 и 2024 година? (да се наведе за секоја година одделно)

16. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за бесплатна правна помош во 2026 и 2027 година?

Финансиска помош за жртви на родово базирано и семејно насилство

17. Колку средства биле планирани да се издвојат во општинскиот буџет за финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство во 2022, 2023, 2024 и 2025 година, соодветно? (да се наведат планираните расходи за секоја година одделно)

18. Колку финансиски средства биле доделени на жртви на родово базирано и семејно насилство во 2022, 2023 и 2024 година, соодветно? (да се наведат реализираните расходи за секоја година одделно)

19. Колкав е бројот на жртви на родово базирано и семејно насилство кои биле опфатени со овој тип на помош во 2022, 2023 и 2024? (да се наведат податоците поделени по година, и пол на жртва)

20. Дали имате направено некои проекции за тоа колку средства би издвоиле за финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство 2026 и 2027 година?

**ОДГОВОР 23-3087**

1. Општина Кавадарци преку општинскиот буџет , има обезбедено финансиски средства за поддршка на даватели на социјални услуги за обезбедување на услуги за жени жртви на насилство и жртви на семејно насилство.Една од социјалните услуги за семејно насилство е Регионалниот советувалишен центар за жртви на родово базирано насилство, чиј давател е Здружението за родова еднаквост Визија. Таму е достапен телефонски број на кој жртвите можат анонимно да пријавата случаи на насилство.За овој Регионален советувалишен центар општината во 2022 година планирала да издвои 794.190,00 денари.Во 2023 година во буџетот на Општина Кавадарци биле планирани 400.000,00 денари, а во 2024 година 794.190,00 денари.
2. Во 2022 година доделени се 794.190,00 денари, во 2023 година 400.000,00 денари, а во 2024 година доделени се 919.190,00 денари.
3. Во 2022,2023 и 2024 година за обезбедување на услуга СОС линија за жени жртви на семејно насилство давател на услугата е ЗРЕ Визија.
4. Не се направени проекции за тоа колку средства ќе се издвојат за услугата СОС линија во 2026 и 2027 година.
5. Здружението за родова еднаквост Визија во рамки на Регионалниот советувалишен центар за жртви на родово базирано насилство ја обезбедува и социјалната услуга-советување на жени жртви на родово-базирано насилство, деца жртви на родово базирано насилство и жртви на семејно насилство.Во горенаведениот одговор е наведено колку средства се планирани и доделени.
6. Во горенаведениот одговор е наведено колку средства се планирани и доделени.
7. Даватели на социјални услуги кои Општина Кавадарци ги финансирала во 2022, 2023 и 2024 година е Здружението за родова еднаквост Визија.
8. Немаме направено проекции за тоа колку средства ќе се издвојат за услугата-советување на жени жртви на семејно насилство за 2026 и 2027 година.
9. Услугата за привремен престој е социјална услуга која се спроведува во рамки на

Интервентниот центар за привремено сместување на жртви на семејни насилства и лица во социјален ризик, чиј давател е ЗРЕ Визија.Вкупната вредност за реализација на овој проект изнесува 6.322,282,77 денари со вклучен ДДВ од кои 3.376.361,00 денар се обезбедени од Биро за регионален развој и 2.945.921,77 денари се учество на Општина Кавадарци. За давателот на услугата за привремен престој ЗРЕ Визија, обезбедени се 125.000,00 денари за опремување на еден од апартманите , а останатите апартмани се опремени со донации.

10. Одговорено е во претходниот одговор.
11. За давателот на услугата за привремен престој ЗРЕ Визија, обезбедени се 125.000,00 денари за опремување на еден од апартманите , а останатите апартмани се опремени со донации.
12. Немаме предвидено колку средства би издвоиле за услугите за привремен престој во 2026 и 2027 година.
13. Бесплатната правна помош се обезбедува во рамки на Регионалниот советувалишен центар за жртви на родово базирано насилство со кој управува ЗРЕ Визија. Центарот нуди сеопфатна поддршка за жени и деца жртви на родово базирано насилство, вклучувајќи психосоцијално советување и правна помош.Бесплатна правна помош опфаќа информирање за правата, правна едукација, помош при поднесување претставки, тужби и правни документи доколку е потребно.Целта е жртвите да добијат навремена и соодветна заштита и пристап до правда. Во 2022 година планирани се 794.190,00 денари, во 2023 година 400.000,00 денари и во 2024 година се 919.190,00 денари.
14. Во 2022 година доделени се 794.190,00 денари, во 2023 година 400.000,00 денари и во 2024 година доделени се 919.190,00 денари.
15. Во Општина Кавадарци , здружение кое обезбедува бесплатна правна помош за жени жртви на родово базирано насилство е единствено здружението за родова еднаквост Визија.
16. Немаме направено проекции за тоа колку средства би издвоиле за бесплатна правна помош во 2026 и 2027 година.
17. Во Општина Кавадарци во рамки на Програма за социјална заштита се предвидуваат средства, но во изминатите 2022/2023 и 2024 година нема ниту една жртва поднесено барање за одобрување на финансиски средства за жртва на семејно насилство.
18. Нема доделено финансиска помош на жртви на родово базирано семејно насилство во 2022/2023 и 2024 година.
19. Во Општина Кавадарци жртвите на семејно насилство не се пријавуваат за финансиска помош, заради тоа што имаме обезбедено специјализирани социјални услуги во рамки на Регионалниот советувалишен центар и Интервентниот Центар за жртви на семејно насилство како и во ЦСР.
20. Немаме направено проекции за тоа колку средства ќе се издвојат за финансиска помош на жртви на родово базирано и семејно насилство во 2026 и 2027 година.